КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BASKETBALL FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

**Кошаркарска Федерација**
**на Северна Македонија**
**Број 03-243/2**
**Дата 25.05.2021**

**До:**
**Мартин Николовски, ул.„Индрустриска“ бр.61-в, 7000 Битола**

**Предмет:**
**Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитуван,

Од Ваша страна до Кошаркарската федерација на Северна Македонија доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер поврзани со застапеноста на родовата еднаквост во Кошаркарската федерација на Северна Македонија, со кое барате одговор на следните прашања:

1. Каква беше структурата на органите на управување (собрание, извршен и надзорен одбор и др.) на Вашата федерација во 2020 година? Барам да се достави листа на членови од структурата на органите на управување.
2. Каква е моменталната структура на органите на управување на истите? Доколку има промени Ве молам испратете ми ажурирана листа.
3. Во кој период од годината имате годишно собрание?

Со овој допис, во одговор на Вашите прашања, а поставени во контекст на застапеноста на родовата еднаквост во органите во Федерацијата, Ве известуваме за следното:

Согласно член 31 од Статутот на КФСМ, органи на Федерацијата се собраните, управен одбор и надзорен одбор.

Согласно член 32 од Статутот на КФСМ, Собранието е највисок орган на Федерацијата кое го сочинуваат членови-претставници од: Прва лига мажи, Прва лига жени, Втора лига мажи, Втора лига жени, Трета лига мажи, еден претставник од Здружение на млади категории на КФСМ, еден претставник од Асоцијација на кошаркарски судии и делегати, еден претставник од Асоцијација на играчи, еден претставник од Асоцијација на кошаркарски тренери, еден претставник од Асоцијација 3 на 3, еден претставник од Асоцијација на статистичари, еден претставник од Асоцијација на ветерани.

Оттука, членови на Собранието на КФСМ се правни лица, а не физички лица, а секој член на Собранието самостојно одлучува кое физичко лице ќе го овласти да го претставува на Собранието, при што Федерацијата нема никаква статутарна можност да одлучува за тоа кое лице членовите ќе го овластат да ги претставува на Собранието.

На последното одржано Собрание на КФСМ на ден 10.12.2020 година, право на присуство имаа 34 членови со право на глас, од кои присуствуваа 27 членови на Собранието.

Согласно член 42 од Статутот на КФСМ, управниот одбор е составен од: по автоматизам: претседателите на Здруженијата на сениорските лиги во тековната натпреварувачка сезона и претседателот на Здружението на младински лиги, Менаџерски тим кој обезбедува средства за репрезентативните селекции и други проекти на Федерацијата во интерес на развојот на кошарката.

Управниот одбор на КФСМ во 2020 година броеше 17 членови, а во 2021 година брои 15 членови од кои и претставниците на Здруженијата и останатите членови се мажи.

Согласно член 48 од Статутот на КФСМ, надзорниот одбор е составен од три члена и сите во моментот се мажи.

Согласно член 36 од Статутот на КФСМ, седниците на Собранието се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Вообичаено седниците на Собранието се одржуваа во текот на месец мај, но по прогласување на пандемијата на Коронавирус COVID-19 и донесување на мерките од страна на Владата на РСМ за забрана за физичко присуство и организирање на собири, седниците на Собранието се одржуваа и ќе се одржуваат во момент кога ќе се создадат законски и здравствени услови за организирање на собири и одржување на истото со физичко присуство.

За сите останати и подетални информации, како по однос на листата на членови од структурата на органите на управување, така и од актите на Федерацијата, можете да ги добиете на нашата веб страна www.kfsm.mk.

Со почит,

Генерален секретар
Владимир Георгиевски

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


St. Makedonija 11-A, 1000 Skopje, Republic of Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk
МКФ канцеларија/ MKF office